**ООУ „ТИХОМИР МИЛОШЕВСКИ“ - СКОПЈЕ**

**Извештај**

За реализирана акција по повод „Денот на пролетта“

На 21.03.2017 година во нашето училиште активно се одбележа “Денот на пролетта“ со реализација на повеќе активности.

Учениците од одделенска настава со своите наставници ги средуваа своите училници, изработуваа рози, цртаа еко цртежи и пишуваа пораки кои заедно со изработките од ЕКО секцијата, беа поставени на паното во училишното Еко катче, со што активно се вклучија во одбележување на овој ден.

Учениците од предметна настава, наставниците, и стручната служба го средуваа училишниот двор, со што континуирано се продолжуваат активностите за одржување на чиста и здрава животна средина. Воедно беше оплеменет и просторот околу училиштето со садници од цвеќе и листопадни дрвја.

Многубројните изработки на цветови од нашите ученици им беа понудени на минувачите, локалното население како и правните лица кои се наоѓаат во близина. Акцијата беше прифатена и позитивно оценета од страна на граѓаните.

Сите денешни активности беа координирани од страна на директорот на училиштето.













Скопје

21.03.2017г.

Одговорен наставник

Соња Д.Гроздановска